# ЗАКОН ЗА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА

**Службен весник на РМ, бр. 18 од 14.02.2011 година**

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат целите, организацијата, надлежностите, раководењето и овластувањата на Педагошката служба, како и други прашања од значење за унапредување на личниот, психолошкиот, социјалниот, културниот и воспитно-образовниот развој на учениците во основното, гимназиското, уметничкото, средното стручно и специјалистичкото образование, на учениците со посебни образовни потреби, образованието на возрасните и ученичките домови, како и издавањето на учебниците за основното и средното образование.

### Член 2

Педагошката служба е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) која за унапредувањето на личниот, психолошкиот, социјалниот, културниот и воспитно-образовниот развој на децата и учениците, применува современи научни и стручни методи.

### Член 3

(1) Внатрешната организација на Педагошката служба се утврдува согласно со нејзините надлежности, врз основа на закон, прописи и други акти кои се однесуваат на организациони облици и согласно со развиеноста на мрежата на воспитно-образовните установи.
(2) Седиштето на Педагошката служба е во Скопје.

## II.НАДЛЕЖНОСТИ НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА

### Член 4

За остварување на работите од својот делокруг Педагошката служба е надлежна да:
- изработува модели на услуги кои ќе бидат развивани во соработка со воспитувачите, наставниците, директорите на училиштата, единиците на локалната самоуправа и родителите на децата и на учениците согласно со потребите на училиштето, ученичкиот дом или друга воспитно-образовна установа,
- дава стручна помош на децата и на учениците кои имаат потреба од детски психолог преку одржување директни контакти или на друг начин, зависно од видот на проблемот,
- организира работилници и обуки за правилен развој на децата и учениците и правилно искористување на расположливите ресурси во воспитно-образовните установи,
- развива децентрализирана мрежа на детски психолози кои директно или индиректно ќе им помагаат на децата, учениците, родителите, воспитувачите и наставниците во постигнување квалитетно ниво на личен, психолошки, социјален, културен и воспитно-образовен развој на децата и учениците од членот 1 на овој закон,

- дава стручни мислења на министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот) за развојот на воспитната и образовната политика во Република Македонија,
- ги следи најдобрите европски практики во детската и образовната психологија и согласно со искуствата развива најсовремени програми и алатки за решавање на актуелните проблеми во воспитно-образовните установи,
- поттикнува и организира проекти поврзани со развивање на квалитетна воспитно-образовна психологија во воспитно-образовните установи,
- предлага мерки и планови за промовирање на менталното здравје на децата и на учениците,
- соработува со родителите, децата, воспитувачите, учениците и со наставниците, учествува во советувањето на родители и да предлага мерки за надминување на појавените конфликти,
- до министерот предлага Програма за советување на родителите,
- дава стручно мислење за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, кога родителот е поканет на советување за такво однесување на ученикот,
- обезбеди присуство на свој вработен кога родителот, односно старателот на ученикот повеќе од двапати е повикан на советување,
- поднесува предлог за поведување на прекршочна постапка за родителите кои на се јавиле на поканата за советување и истите не го оправдале своето отсуство,
- врши евалуација на карактеристики на личност за подобност за работа со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста),
- предлага мерки за јакнење на поддршката, грижата и развојот на здрава работна средина во воспитно-образовните установи,
- соработува со директорите на ученичките домови, основните и средните училишта и континуирано да бидат запознаени со проблемите кои се појавуваат меѓу децата, меѓу воспитувачите и децата, меѓу учениците, меѓу учениците и наставниците, меѓу наставниците и родителите, како и меѓу учениците, родителите и наставниците, а кои негативно се одразуваат на психолошкиот, социјалниот и воспитно-образовниот развој на децата и учениците, како и да предлага конкретни мерки за надминување на проблемите,
- промовира програми и мерки за развој на психолошкиот, социјалниот, културниот и воспитно-образовниот потенцијал на учениците,
- предлага програми и мерки за поквалитетен психолошки, социјален, културен и воспитно-образовен развој на учениците со посебни образовни потреби,
- врши стручно-административни работи за Националната комисија за учебници,
- распишува јавен оглас за рецензенти за ракописите за учебници и врши избор од пријавените кандидати и
- објавува каталог на одобрени учебници за употреба на веб страницата на Министерството.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА

### Член 5

(1) Организационата поставеност на Педагошката служба се уредува со актот за организација на Министерството.
(2) Називот на работните места, задачите и делокругот на работата и бројот на извршителите во Педагошката служба се уредуваат со актот за систематизација на работните места на Министерството.

### Член 6

За извршување на работите од надлежност на Педагошката служба, а особено за

вршење на советодавна стручна работа и инструктивно-менторска работа на воспитно-образовниот и раководниот кадар во воспитно-образовните установи се образуваат организациони облици кои се утврдуваат со актот за организација на Министерството.

**Член 7**

(1) Работите од надлежноста на Педагошката служба утврдени во членот 4 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 од овој закон, ги извршуваат државни службеници кои покрај општите услови за вработување утврдени со Законот за државните службеници ги исполнуваат и следниве посебни услови:
- имаат најмалку петгодишно искуство во воспитно-образовната работа од областа на психологијата или педагогијата,
- учествувале на научни и стручни собири за воспитанието и образованието со свои трудови од областа на психологијата или педагогијата и
- се служат со најмалку еден светски јазик.
(2) При вработувањето на државните службеници од ставот (1) на овој член, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.

**Член 8**

(1) За вршење на работата од својата надлежност Педагошката служба непосредно соработува со Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, високообразовните и научните установи, органите на општините, општините на градот Скопје, односно градот Скопје, училиштата, меѓународните институции за воспитание и образование, како и со други установи и здруженија.
(2) По прашањата за стручното усовршување на педагошко-психолошките служби во воспитно-образовните установи Педагошката служба особено соработува со високообразовните и научните установи.

**Директор на Педагошката служба**

**Член 9**

(1) Со работата на Педагошката служба раководи директор.
(2) Директорот се именува и разрешува од Владата на Република Македонија.
(3) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да има завршено високо образование и
- да има најмалку пет години работно искуство со воспитно-образовна дејност или во орган на државната управа надлежен за работите на образованието.
(4) Мандатот на директорот трае четири години со можност за повторен избор.
(5) Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за којшто е избран, ако:
- сам тоа го побара и
- се утврдат сериозни неправилности во неговото работење поради што е нанесена штета на Педагошката служба.

**Член 10**

Директорот на Педагошката служба ги врши следниве работи:
- раководи со работата на Педагошката служба,
- ја донесува годишната програма за работа на Педагошката служба,
- го донесува годишниот извештај за работата на Педагошката служба,

- ја организира реализацијата на годишната програма,
- објавува јавен конкурс за рецензенти на ракописи за учебници,
- врши избор рецензенти на ракописи за учебници и
- врши други работи утврдени со закон.

**Член 11**

(1) Директорот на Педагошката служба формира советодавни тела и ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс, применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците.

(2) Членовите на советодавните тела и надворешнитее соработници од ставот (1) на овој член ги избира директорот од редот на кандидатите кои ги исполниле условите утврдени во јавниот конкурс.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА

**Член 12**

Средствата за финансирање на работењето на Педагошката служба се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Постојните државни службеници во Педагошката служба продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои биле затекнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, а согласно со Законот за државните службеници.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".